# КАРТИЧКА ЗА ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ НА ПАЦИЕНТОТ

▼Овој лек подлежи на дополнително следење. Ова ќе овозможи брзо откривање на нови безбедносни информации. Можете да помогнете така што ќе пријавите какви било несакани дејства кои можеби ќе ги добиете. За начинот на пријавување на несакани дејства видете подолу.

**Ксанирва 15 mg филм-обложени таблети** (заокружете ја пропишаната дозирана форма)
**Ксанирва 20 mg филм-обложени таблети** (заокружете ја пропишаната дозирана форма)

**Носете ја картичката постојано со Вас.**
**Покажете му ја картичката на секој лекар или стоматолог пред почеток на било каков третман.**

**Јас сум на антикоагулантна терапија со лекот Ксанирва (rivaroxaban).**
Име:
Адреса:
Датум на раѓање:
Телесна тежина:
Други лекови / заболувања:

**Во итен случај, Ве молам контактирајте со:**
Име на лекарот:
Телефонски број на лекарот:
Печат на лекарот:

**Ве молам, исто така, контактирајте со:**
Име:
Телефонски број:
Врска:

**Информација за лекарите:**
- INR вредностите не треба да се користат бидејќи не се соодветен показател за антикоагулантната активност на Ксанирва.

**Што треба да знам за лекот Ксанирва?**
- Лекот Ксанирва ја разредува крвта, со што Ве заштитува од појава на опасни згрутчувања на крвта.
- Лекот Ксанирва мора да се зема точно онака како што Ви пропишал Вашиот лекар. За да обезбедите оптимална заштита од појава на згрутчување на крвта, **никогаш не ја пропуштајте дозата.**
- Не смеете да ја прекинете употребата на лекот Ксанирва без претходна консултација со Вашиот лекар, бидејќи на тој начин може да се зголеми ризикот од згрутчување на крвта.
- Информирајте го Вашиот лекар за сите други лекови кои ги земате во моментот, сте ги земале неодамна или треба да почнете да ги земате, пред да ја започнете терапијата со Ксанирва.
- Информирајте го Вашиот лекар дека земате Ксанирва пред било каква хируршка интервенција или инвазивна процедура.

**Кога треба да побарам совет од мојот лекар?**

За време на употребата на лекови кои ја разредуваат крвта, како што е лекот Ксанирва, важно е да бидете свесни за можните несакани дејства. Најчесто несакано дејство е крвавење. Не започнувајте ја терапијата со лекот Ксанирва доколку сте изложени на ризик од крвавење, без претходно да се консултирате со Вашиот лекар. Веднаш информирајте го Вашиот лекар ако забележите знаци или симптоми на крвавење како што се:

- болка;
- оток или непријатност;
- главоболка, вртоглавица или слабост;
- невообичаени модринки, крвавење од носот, крвавење на непцата, крвавење од исеченици на коишто им е потребно подолго време за да се засират;
- менструално или вагинално крвавење кое е пообилно од вообичаено;
- крв во урината што може да предизвика розова или кафена обоеност на урината, црвена или црна обоеност на изметот;
- искашлување крв, повраќање крв или содржина којашто личи на талог од кафе.

**Како да го земам лекот Ксанирва?**

- За да обезбедите оптимална заштита, Ксанирва 15 mg филм-обложените таблети земајте ги со храна.
- За да обезбедите оптимална заштита, Ксанирва 20 mg филм-обложените таблети земајте ги со храна.

**Пријавување на несакани дејства**

Ве молиме пријавете го секој сомнеж за несакани дејства од лекот Ксанирва (rivaroxaban), кај Вашиот лекар или фармацевт. Ова ги вклучува и сите можни несакани дејства кои не се наведени во упатството за пациентот. Несаканите дејства од лековите може да ги пријавите и во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул.Св.Кирил и Методиј бр.54 кат 1, Скопје) или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата http://malmed.gov.mk/.

Дополнително, несаканите дејства од овој лек можете да ги пријавите и на носителот на одобрението за ставање на лекот во промет во Република Северна Македонија:

Зентива Пхарма Македонија дооел Скопје
Адреса: ул. Јордан Мијалков бр. 48-1/1-2,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: 078 363 905
e-mail: stefanija.petrovska@zentiva.com

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP * СКОПЈЕ